РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
Број: / Numer: 01-3046/1
18.07.2025 година / viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 18 став 1 алинеја 9 и член 20 став 1 алинеја 3 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на РМ“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19 и „Службен весник на РСМ“ бр.42/20, 77/21, 154/23, 55/24 и 193/24) и член 9 на Колективниот договор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.0101-651/1 од 30.10.2024 г. (наш арх.бр.03-4477/1 од 30.10.2024 г.), во врска со членовите од 137 до 145 од Законот за работните односи („Службен весник на РМ", бр.62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16 и 120/18 и „Службен весник на РСМ" бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21, 111/23, 39/25 и 74/25) и Заклучокот на Советот на Агенцијата арх.бр.02-2841/2 од 07.07.2025 година, донесен на 3-та седница одржана на 07.07.2025 година, се утврди Пречистен текст на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Пречистениот текст на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, ги опфаќа: Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-1879/1 од 12.03.2015 г., Правилникот арх.бр.01-1879/2 од 31.03.2015 г., за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-1879/1 од 12.03.2015 г., Правилникот арх.бр.01-4549/1 од 17.10.2018 г., за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-1879/1 од 12.03.2015 г., со измена и дополнување арх.бр.01-1879/2 од 31.03.2015 г., Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, арх.бр.01-4751/1 од 18.11.2024 г. и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги арх.бр.01-2895/1 од 08.07.2025 година

# ПРАВИЛНИК
# ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР НА ВРАБОТЕНИТЕ ВО АГЕНЦИЈАТА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
## (Пречистен текст)

## 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се определува траењето (должината) на годишниот одмор, начинот на стекнување право на годишен одмор и условите за користење на годишниот одмор на претседателот на Советот, заменик на претседателот на

Советот, членовите на Советот, директорот, заменикот на директорот и на вработените во стручната служба на Агенцијата (во натамошниот текст: вработените во Агенцијата).

**Член 2**

Вработените во Агенцијата имаат право на користење платен годишен одмор во текот на една календарска година во траење од најмалку 20 (дваесет), а најмногу 32 (триесет и два) работни дена.

Траењето на годишниот одмор на работникот се определува врз основа на:

- времето поминато во работен однос и
- сложеноста на работите на работното место.

Повозрасен вработен (жена со наполнети 57 години возраст и маж со наполнети 59 години возраст), инвалид или вработен со најмалку 60% телесно оштетување и вработен кој негува и чува дете со телесен или душевен недостаток има право на уште 3 (три) работни дена годишен одмор.

Вработен кој преживеал или боледува од посериозно нарушување на здравствената состојба - што ќе се потврди со лекарска потврда, има право на уште 2 (два) дополнителни работни дена годишен одмор.

Самохран родител или старател со дете до 15 години, или родител или старател на дете со посебни потреби има право на уште 5 (пет) дополнителни работни дена годишен одмор.

Вработениот има право да користи најмногу 5 (пет) денови од годишниот одмор во случај на итна и неодложна потреба (работи кои не зависат од волјата на работникот и не можат однапред да се предвидат), за што до крајот на работното време во денот на настанувањето на потребата, ќе го извести работодавачот односно непосредниот раководител.

Ако при пресметката на работните денови за користење на годишниот одмор на вработениот, вкупниот збир по сите основи, го надминува максимумот утврден во став 1 од овој член од Правилникот, работникот има право на годишен одмор во траење од 32 работни дена.

**Член 3**

Работодавачот е должен на вработениот да му издаде решение за правото на користење на годишен одмор.

**Член 4**

Празниците, саботите и неделите и слободните денови, отсуствата поради боледување, како и другите случаи на оправдано отсуство од работа не се пресметуваат во деновите на годишниот одмор.

**Член 5**

Вработениот има право на надоместок на неискористениот дел од годишниот одмор пред престанок на работниот однос, ако претходно побарал користење на годишен одмор, а не му било овозможено користење на годишен одмор, а работниот однос му престанал не по негова вина и волја.

**Член 6**

По престанувањето на работниот однос работодавачот е должен да му даде на вработениот потврда за искористен годишен одмор.

**Член 7**

Ништовна е каква било спогодба со која вработениот би се откажал од правото на годишен одмор.

## 2. СТЕКНУВАЊЕ ПРАВО НА ГОДИШЕН ОДМОР

**Член 8**

Вработениот, кој за прв пат заснова работен однос, се стекнува со правото на цел годишен одмор, кога ќе оствари непрекината работа од најмалку шест месеци кај ист работодавач, без оглед на тоа дали вработениот работи полно работно време или пократко работно време од полното.

**Член 9**

Вработениот има право на користење на пропорционален дел на годишниот одмор во вкупен износ од по 2 (два) дена за секој месец работа, ако:

1) во календарската година во која склучил работен однос не се стекнал со правото на целосен годишен одмор;

2) му престанал работниот однос пред изминувањето на рокот, по истекувањето на кој би добил право на целосен годишен одмор.

## 3. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ТРАЕЊЕТО НА ГОДИШНИОТ ОДМОР

**Член 10**

Времетраењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата, се определува според критериумите наведени во член 2 став 2 на овој Правилник.

За секој од критериумите наведени во член 2 став 2 од овој Правилник, се добиваат определен број на работни денови, кои се додаваат на минимумот од 20 (дваесет) дена, и тоа:

а) за време поминато во работен однос:
- заклучно до 5 години - 2 работни дена;
- заклучно до 10 години - 3 работни дена;
- заклучно до 15 години - 4 работни дена;
- заклучно до 20 години - 5 работни дена;
- заклучно до 25 години - 6 работни дена и

б) за сложеноста на работите на работното место:
- претседателот на Советот на Агенцијата, заменик на претседателот на Советот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата, директор на Агенцијата, заменик на директорот на Агенцијата, раководител на сектор, помошник раководител на сектор, раководител на служба - 3 работни дена;
- раководител на одделение и виш соработник - 2 работни дена и
- соработник, помлад соработник, виш референт, референт, работник во кујна, возач-доставувач, работник на пријавница и домар - 1 работен ден.

## 4. КОРИСТЕЊЕ НА ГОДИШЕН ОДМОР

**Член 11**

Годишниот одмор се користи земајќи ги предвид потребите на работниот процес, како и можноста за одмор и рекреација на вработениот водејќи сметка за неговите семејни обврски.

Вработениот има право два дена од годишниот одмор да ги користи во денови коишто самиот ќе го определи, ако тоа посериозно не го загрозува работниот процес, за што мора да го извести директорот на Агенцијата, преку известување доставено до својот непосредно претпоставен, односно раководител на одделение/раководител на сектор, раководител на служба, најдоцна три дена пред користењето.

Директорот на Агенцијата за користење на правото од став 2 на овој член од Правилникот го известува заменикот на директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата, додека пак заменикот на директорот на Агенцијата го известува директорот на Агенцијата, а во случај на негово отсуство претседателот на Советот на Агенцијата.

За користење на правото од став 2 на овој член од Правилникот:

- Претседателот на Советот на Агенцијата го известува заменик на претседателот на Советот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменик на директорот на Агенцијата.
- Заменик на претседателот на Советот на Агенцијата го известува претседателот на Советот на Агенцијата, членовите на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменик на директорот на Агенцијата.
- членовите на Советот на Агенцијата го известуваат претседателот на Советот на Агенцијата, заменик на претседателот на Советот на Агенцијата, директорот на Агенцијата и заменик на директорот на Агенцијата.

**Член 12**

Годишниот одмор по правило се користи во текот на календарската година.

Годишниот одмор може да се користи во повеќе делови во договор со работодавачот, со тоа што еден дел од годишниот одмор мора да трае најмалку две непрекинати работни недели.

Работодавачот е должен на вработениот да му обезбеди искористување на две непрекинати работни недели годишен одмор до крајот на тековната календарска година, а остатокот до 30 јуни идната година.

Годишниот одмор којшто не бил искористен во тековната календарска година заради отсутност поради боледување или повреда, породилен одмор или одмор за нега и чување на дете, вработениот има право да го искористи до 30 јуни идната календарска година.

**Член 13**

Годишниот одмор на вработените во Агенцијата, за секоја тековна година, се користи врз основа на План за користење на годишен одмор за тековната година кој се утврдува на ниво на Агенцијата како целина најдоцна до крајот на месец јануари во тековната година, врз основа на доставените податоци за користење годишен одмор од претседателот на Советот, заменик на претседателот на Советот, членовите на Советот на Агенцијата и планови за користење годишен одмор од раководителите на организационите единици во стручната служба на Агенцијата.

Планот на користење на годишен одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за секоја тековна година, се потпишува од страна на Директорот на Агенцијата.

За користењето на годишен одмор, на барање/известување на претседателот на Советот на Агенцијата, заменик на претседателот на Советот на Агенцијата и членовите на Советот на Агенцијата се издава решение за право на користење на годишен одмор. За претседателот на Советот на Агенцијата, решението го потпишува заменик на претседателот на Советот, а за заменик на претседателот на Советот и за членовите на Советот на Агенцијата, решението го потпишува претседателот на Советот.

Користењето на годишниот одмор на барање на вработениот, го одобрува/ат раководителот на секторот, раководителот на служба, односно раководителот на одделението, а го потврдува директорот на Агенцијата, со издавање решение за право на користење на годишниот одмор.

Решението за право на користење годишен одмор на директорот на Агенцијата, го потпишува заменикот на директорот на Агенцијата. Во услови кога заменик на директорот на Агенцијата, не е избран, решението за право на користење годишен одмор на директорот на Агенцијата, го потпишува Претседателот на Советот на Агенцијата.

Решението за право на користење годишен одмор на заменикот на директорот на Агенцијата, го потпишува директорот на Агенцијата, а во услови на негова отсутност или спреченост, решението за право на користење годишен одмор на заменикот на директорот на Агенцијата, го потпишува Претседателот на Советот на Агенцијата.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

### Член 14

(член 14 од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година)

Со денот на влегувањето во сила на овој Правилник престанува да важи Правилникот за определување на должината на годишниот одмор на вработените во Стручната служба на Советот на радиодифузија бр.01-2894/1 од 22.07.2009 година.

### Член 15

(член 15 од Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година)

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави на огласна табла во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Член 16

(член 4 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1 од 12.03.2015 година, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

### Член 17

(член 8 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4549/1 од 17.10.2018 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр.01-1879/1

од 12.03.2015 година, со измена и дополнување бр.01-1879/2 од 31.03.2015 година, влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 18**
(член 11 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-4751/1 од 18.11.2024 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во стручната служба на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на неговото донесување, а ќе започне да се применува од месец јануари 2025 година и истиот ќе се објави на огласната табла на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Член 19**
(член 7 од Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги бр. 01-2895/1 од 08.07.2025 година)

Овој Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за определување на траењето на годишниот одмор на вработените во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги влегува во сила со денот на донесувањето и истиот ќе се објави на веб страната на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот,**

____________________________
**м-р Сашо СТЕФАНОВСКИ**